И.бр.1866/15

Извршителот **Катерина Кокина** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Оператор на електропреносниот систем на Македонија Акционерски друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030004529600 и седиште на ул.„Максим Горки" бр.4, засновано на извршната исправа Пресуда с10.ПЛ1-2619/12 од 03.01.2014 година на Основен суд Скопје 2 Скопје, против должникот **Друштво за производство,трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** од Скопје со ЕДБ 4030005529159 и седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.18, за спроведување на извршување во вредност 21.646.015,00 ден., на ден 17.12.2020 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ТРЕТА ПОВТОРЕНА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета повторена продажба со усно јавно наддавање на недвижности сопственост на должникот **Друштво за производство,трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** евидентирани во Имотен лист број 5284, КО Гази Баба, Адреса 16-та Македонска Бригада бр.18:

- КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 4, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 71, со почетната цена на недвижноста 1.728.581,00 денари , под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 8, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 193, со почетната цена на недвижноста 5.312.801,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 9, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 127, со почетната цена на недвижноста 3.141.912,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 10, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 52, со почетната цена на недвижноста 1.280.676,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 24, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 391, со почетната цена на недвижноста 8.275.871,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 27, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 217, со почетната цена на недвижноста 6.294.710,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање.
-КП бр.2202/1, Број на зграда/друг објект 32, Влез 1, Кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, Внатрешна површина во м2 6, со почетната цена на недвижноста 259.284,00 денари, под која недвижноста не може да се продаде на третото јавно наддавање,

со вкупна вредност на недвижности од 26.293.835,00 денари.

утврдени со Заклучок за утврдување на вредност/цена на недвижност врз основа на чл.185 став 4 од ЗИ И.бр.1866/15 од 30.07.2020 година.

Продажбата ќе се одржи на ден 20.01.2021 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски" бр.52/1-9, Скопје.

Недвижноста видно од Имотен лист број 5284 КО Гази Баба од 17.12.2020 година е оптоварена со следните товари и службености:
-Со Решение 2 Ст-110/20 од 28.07.2020 година на Основен граѓански суд Скопје се одредува општа забрана за располагање со имотот на должникот. Се забранува одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот. **Со Решение 2 СТ-110/20 од 03.11.2020 година на Основен граѓански суд Скопје се запира поведената претходна постапка над должникот. Решението 2 СТ бр.110/20 од 28.07.2020 година со кое е поведена претходна постапка на должникот Друштво за производство,трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје од Скопје СЕ УКИНУВА.**

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а

ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдените вредности на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка од извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Забелешка: Со Заклучок за огласување на продажба за неважечка И.бр.1866/15 од 02.09.2020 година се огласува продажбата на третото усно јавно наддавање на недвижноста сопственост на должникот одржана и констатирана на Записник од 27.08.2020 година за трета продажба на недвижност со усно јавно наддавање врз основа на чл.186 ст.4 од ЗИ И.бр.1866/15 како неважечка поради тоа што со Решение СТ-110/20 од 24.08.2020 година на Основен граѓански суд Скопје, објавено во Службен весник на РСМ бр.206 од 24.08.2020 година е поведена претходна постапка за испитување на услови за отворање на стечајна постапка над должникот. Со имотот на должикот е одредена општа забрана за располагање, забрана за одредување или спроведување на присилно извршување или обезбедување против должникот. Со истиот заклучок е утврдено дека нова повторена трета продажба ќе биде определена по стекнување на законски услови. Трета повторена продажба со усно јавно наддавање на недвижноста сопственост на должникот Друштво за производство,трговија и услуги СКОПСКИ ЛЕГУРИ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје се закажува заради донесено Решение 2 СТ-110/20 од 03.11.2020 година на Основен граѓански суд Скопје со кое Решението 2 СТ бр.110/20 од 28.07.2020 година на Основен граѓански суд Скопје, со кое се поведува претходна постапка на должникот, СЕ УКИНУВА.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина